ЈП за комунални дејности и инфраструктура
„Кратово“
04 - 281/6
22.07 2024 год.
Кратово

Директорот на ЈП за комунални дејности и инфраструктура „Кратово“ Кратово, врз основа на член 37-м од Законот за Јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/96, 6/02, 40/03,49/06, 22/07 и 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15 и 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и Службен весник на РСМ бр.275/19 и 89/22), а согласно член 35 од Статутот на ЈП „Кратово“ Кратово, во рамките на своите права и овластувања ја донесе следната

# ОДЛУКА
## за невршење избор по Јавен оглас за вработување бр.02/2024

1.За извршител на работно место - **КДР 0305 В02 033 Утоварач на отпад** - Одделение за управување на гробишта и одржување на инфраструктура хигиена по јавен оглас бр.02/2024 година објавен на 27.06.2024 година, не се врши избор на кандидат за вработување, поради тоа што нема пријавено кандидати кој се квалификуваат за вработување согласно општите услови за вработување.

2.Оваа одлука влегува во сила од денот на нејзиното објавување.

Образложение

По објавениот јавен оглас 02/2024 објавен на 27.06.2024 година во дневните весници Вечер, Коха и Нова Македонија, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас формирана од страна на ЈП Кратово-Кратово со Решение бр.04-281/3 од 28.06.2024 година, во функција на спроведување на постапката за вработување на давател на услуга за извршување на работите од точка 1 (еден) на оваа одлука, спроведе административна селекција за давател на услуга со Записник бр.04-281/4 од 17.07.2024 година и записник од интервју бр. .04-281/5 од 17.07.2024 и се утврди дека пријавениот кандидат за вработување за работното место- Утоварач на отпад - Одделение за управување на гробишта и одржување на инфраструктура хигиена (1 извршител) не ги исполнува општите услови за работното место.

Врз основа на Записник за административни селекција и записник од интервју, не се врши избор на кандидат за вработување, затоа што за истото нема пријавен соодветен кандидат кој ги исполнува општите услови за вработување бидејќи кандидатот има доставено Известување од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување И.бр.6720010158 од 27.04.2022 година дека постои опасност од настанување на инвалиност што е во спротивност на општите услови за вработување за работно место утоварач на отпад опишани во јавен оглас бр.02/2024.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во дспозитивот на ова одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на Жалба до Управен одбор на ЈП „Кратово“ Кратово, во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката.

Доставено до:
-архива
-Кандидат

ЈП Кратово- Кратово

Директор
Златко Стојановски